**Одлука бр.5**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија по пат на електронско гласање на ден 20.12.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на помош на
тениските клубовите членки на Тениска Федерација на Северна Македонија
за организација на турнири од Календаот за натпревари за 2022 година

**Член 1**

Тениска Федерација на Северна Македонија на клубовите организатори на Отворени првенства, Државни Првенства и Мастерс турнири во категории 12,14,16 и 18 години и за категорија Ветерани, а кои се дел од Календарот за натпревари на ТФСМ за 2022 година, доделува:

- за секој натпревар 3 нови топки, кои останувaат во клубот организатор, освен Ветеранските турнири, каде токите останувaат кај играчите
- Дипломи за победникот, финалистот и 1/2 финалистите
- За Државните првенства: Пехари за освоено 1 и 2 место
- Медаљи за освоено 1,2 и 3 место на Мастерс турнирите

**Член 2**

Тениска Федерација на Северна Македонија на клубовите организатори на Отворени првенства, Државни Првенства и Мастерс турнири во категорија за Мажи и Жени, а кои се дел од Календарот за натпревари на ТФСМ за 2022 година, доделува:

- за секој натпревар 4 нови топки, кои останувaат во клубот организатор,
- Дипломи за победникот, финалистот и 1/2 финалистите
- За Државните првенства: Пехари за освоено 1 и 2 место
- Медаљи за освоено 1,2 и 3 место на Мастерс турнирите

**Член 3**

Турнири од проектот Детски тенис (Црвени, Портокалови и Зелени)

- Топки црвен и портокалов тенис: секој натпреварувач добива по едно топче за време на играње во групи, кое по завршување останува кај клубот домакин
- Топки портокалов тенис: за време на елиминациониот турнир, секој натпреварувач добива по едно топче за одигрување на натпреварот кое по завршување останува кај клубот домакин
- - Топки зелен тенис: секој натпреварувач добива по едно топче за време на играње во групи, кое по завршување останува кај клубот домакин
- Топки зелен тенис: за време на елиминациониот турнир, секој натпреварувач добива по едно топче за одигрување на натпреварот кое по завршување останува кај клубот домакин

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2022 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 20.12.2021 година